ДАТУМ НА ОБЈАВУВАЊЕ И СТАПУВАЊЕ НА СИЛА НА ПРАВИЛАТА 16.10.2023.

# ПРАВИЛА ЗА АКЦИСКА ПРОДАЖБА

**Акциска продажба на уреди од Redmi Note 12 серија**

Со купување на **Redmi 12**, **Redmi Note 12**, или **Redmi Note 12S** од 16.10 до 19.11.2023 година, добивате дополнителен уред **Xiaomi C300 смарт камера**. Додека пак со купување на **Redmi Note 12 Pro, Redmi Note 12 Pro 5G, Redmi Note 12 Pro+ 5G,** добивате **Mi Smart Air Fryer 3.5L.**

За купувањето да биде валидно, односно за купувачот да го добие дополнителниот уред што доаѓа заедно со продажбата, потребно е истото да биде направено кај овластени партнери за продажба на Xiaomi уреди, во малопродажба или онлајн продавници.

Акцијата се однесува на купување на еден од уредите **Redmi 12, Redmi Note 12, Redmi Note 12S, Redmi Note 12 Pro, Redmi Note 12 Pro 5G, или Redmi Note 12 Pro+ 5G,** во малопродажната мрежа* или купување на **Redmi 12, Redmi Note 12 или Redmi Note 12 Pro 5G,** кај операторите**, во период од 16.10 до 12.11. 2023 година, па Ве замолуваме пред купувањето, да се запознаете со Правилата на акцијата " **Акциска продажба на уреди од Redmi Note 12 серија**" (во понатамошниот текст "Акција").

## 1. Организатори на акцијата

**Комтрејд Дистрибуција ДООЕЛ Скопје,** Булевар Киро Глигоров бр.13, 1000 Скопје, со матичен број 6257054 (во понатамошен текст ,,Организатор") организира акција за уредите **од Redmi Note 12 серија** (во понатамошен текст ,,**Уред**" или во множина (заедно) ,,**Уреди**").

## 2. Промотивен период и бенефити

На територијата на Република Северна Македонија ќе биде организирана акција, во која со купување на еден од уредите **Redmi Note 12 серијата** во малопродажната мрежа или кај операторите во период од 16.10 до 12.11.2023 година, ќе добиете дополнителен уред **Xiaomi C300 смарт камера или Mi Smart Air Fryer 3.5L.** (во понатамошниот текст **Дополнителен уред)**, односно доколку залихата на уредите не истече пред наведениот (планиран) период.

Доколку корисникот во наведениот период купи **Redmi 12, Redmi Note 12, или Redmi Note 12S** од продажните партнери кои се наведени во точка 3 и доколку ги исполни сите останати услови дефинирани во Правилата, ќе добие дополнителен уред **Xiaomi C300 смарт камера.**

Доколку пак корисникот во наведениот период купи **Redmi Note 12 Pro, Redmi Note 12 Pro 5G, Redmi Note 12 Pro+ 5G,** од продажните партнери кои се наведени во точка 3 и доколку ги исполни сите останати услови дефинирани во Правилата, ќе добие дополнителен уред **Mi Smart Air Fryer 3.5L.**

Правото на добивање на дополнителниот уред Xiaomi C300 смарт камера или Mi Smart Air Fryer 3.5l., се остварува преку успешна регистрација која е опишана во точка 5 од овие Правила.
Под поимот корисник се физички и правни лица со живеалиште, односно седиште на територијата на Република Северна Македонија, кои го купуваат уредот за свои потреби, а не заради понатамошна препродажба.

## 3. Овластени Xiaomi партнери

Купувањето на Xiaomi уредите може да биде извршено исклучиво кај некој од следните овластени Xiaomi партнери:

**<u>МАЛОПРОДАЖБА</u>**

АНХОЧ ДООЕЛ СКОПЈЕ

МИ СТОРЕ СКОПЈЕ

НЕПТУН МАКЕДОНИЈА ДОО СКОПЈЕ

СЕТЕК СЕ ОД ТЕХНИКА ДОО СКОПЈЕ

ТЕХНОМАРКЕТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ

**<u>МОБИЛНИ ОПЕРАТОРИ</u>**

А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД – СКОПЈЕ

## 4. Услови за купување

Акцијата ги опфаќа уредите кои се купени под следните услови:

a. Купувањето е извршено во периодот од 16.10 до 19.11.2023 година;
b. Купувањето е извршено кај еден од продажните партнери на Xiaomi на територијата на Република Северна Македонија наведен во точка 3 од овие Правила;
c. Корисникот успешно го регистрирал купениот уред преку веб-страницата https://registracija.xiaomimkd.mk/ а најдоцна до 30.11.2023 година согласно точка 5 од овој Правилник.

## 5. Регистрација на Уредот

Предуслов за добивање на дополнителниот уред Xiaomi C300 смарт камера или Mi Smart Air Fryer 3.5l., е да се регистрирате преку веб-сајтот https://registracija.xiaomimkd.mk/ во согласност со Правилата за акцијата до 30.11.2023. година.

Постапката за регистрација подразбира впишување/внесување на податоците потребни за успешна регистрација. Податоците собрани со цел корисникот да го оствари правото на дополнителен уред, а заради испорака по успешна регистрација, се:

- име и презиме на физичкото лице, ако купувач е физичко лице, односно назив на правното лице ако купувач е правно лице,
- ЕМБГ (поради плаќање персонален данок за дополнителниот уред)
- e-mail адреса на купувачот,
- точна домашна адреса на купувачот на територијата на Република Северна Македонија (поради достава на Подарокот)
- приложување (скен) на фискалната сметка или испратница за купениот Уред
- IMEI број купениот Уред

**IMEI бројот можете да го најдете на следниот начин:**
IMEI 1 (15 бројки) бројот може да се види на задната страната од кутијата под назив IMEI1 или може да се најде и во самиот Уред доколку ги следните следните инструкции (Поставки/За телефонот/Спецификации/Статус/ IMEI(Слот за СИМ 1) или на алтернативен начин со повикување на кодот *#06# на самиот уред).

Со кликнување на копчето за испраќање податоци, корисникот ги доставува податоците до компанијата ДЕКРА Вработување Дооел Скопје и нејзините подизведувачи со цел проверка на исполнетоста на условите, односно дали корисникот го стекнал правото на дополнителен уред. Со тоа корисникот дава и изречна согласност за користење на неговите лични податоци во согласност со одредбите на овие Правила.

**НАПОМЕНА: Услов за остварување на правото на дополнителен бенефит е успешна регистрација на веб страната** https://registracija.xiaomimkd.mk/

## 6. Испорака на уредите

На корисникот ќе му бидат доставени дополнителните уреди само под услов ако е успешно звршена регистрацијата на веб страната https://registracija.xiaomimkd.mk/ во соглласност со точка 5 од овие Правила.

Дополнителните уреди ќе биде доставени во рок од 60 дена по добивањето на е-поштата наведена при валидација на доставените податоци, на адресата на територијата на Република Северна Македонија што е наведена при регистрацијата. Овој период може да биде подолг поради вонредни околности, за кои клиентот ќе биде информиран преку е-пошта.
Доставата на подарокот ќе се изврши на трошок на Организаторите.

## 7. Право на промена на промотивната акција

Xiaomi го задржува правото да направи измени на овие Правила во секое време, од оправдани причини, со обврска истите да ги објави без одлагање.
Овие правила се објавени на 16 Октомври 2023 година на страницата за пријавување https://registracija.xiaomimkd.mk/ од кога и се применуваат.

## 8. Проблем со пријавување

Доколку имате било какви проблеми со пријавувањето Ве молиме во најкраток рок да ни се обратите на маил registracija@xiaomimkd.mk или на телефонскиот број 070419453 секој работен ден од 08:30h до 16:30h.

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СОБИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Општата правна рамка со која се уредува заштитата на личните податоци е предвидена со Законот за заштита на личните податоци и овој правилник за користење и прилагодување на податоците за приватноста е усогласена со Законот.

**Кој управува со информациите за приватност на оваа страница?**

Податоците за приватност на оваа страница се под контрола на ДЕКРА Вработување Дооел Скопје со седиште во Северна Македонија,со матичен број 6091490 и делува во својство на Управувач со податоците за приватност.

**Какви податоци се собираат на оваа страница?**

Контролорот ќе ги прибира и обработува следните лични податоци:

- име и презиме на корисникот,
- e-mail адресата на корисникот,
- куќната адреса на корисникот ,
- IMEI или серискиот број на купениот Уред,
- Податоци за купувањето – сметка/испратница
- ЕМБГ на корисникот

**Која е целта на собирањето на податоцитете на оваа страница?**

Контролорот ќе ги собира и обработува горенаведените лични податоци исклучиво поради утврдување на исполнетоста на условите за учество во Акцијата „**Акциска продажба на уреди од Redmi Note 12 серија**“ и остварување погодностите, доколку клиентот го остварил правото на истото/ите како и за доставување на уредот на адресата на корисникот кој го пополнува формуларот за апликација. Дополнително, ЕМБГ се користи поради плаќање на персонален данок на корисникот за дополнителниот уред што го добива. Сите други податоци, како што се посетите на оваа страница или други активности нема да се евидентираат.

**Начин на користење на Личните податоци**
Личните податоци собрани врз основа на согласност ќе се користат исклучиво за гореспоменатите потреби на Контролорот, во согласност со Законот за заштита на личните податоци (Законот) и Политиката за приватност на Контролорот приложена подолу.

**Правен основ за обработка на Личните податоци**
Контролорот ги собира и обработува личните податоци врз основа на доброволна согласност на лицето на кое се однесуваат податоците.

**Колку време ќе бидат достапни податоците на оваа страница?**

Личните податоци ќе се чуваат само онолку колку што е потребно за исполнување на наведената цел, а секако не подолго од 6 месеци од датумот на купување.

**Согласност за користење на податоците за приватност**

Со внесување податоци во формуларот за апликација и штиклирање на даденото поле, давате согласност ДЕКРА Вработување Дооел Скопје да управува со Вашите податоци со цел да испрати дополнителен уред на Вашата адреса. Доколку не ја изразите својата согласност за користење на податоците за приватност ДЕКРА Вработување Дооел Скопје нема да може да ја спроведе промотивната кампања.

**Како можете да ги избришете внесените податоци од оваа страница?**

Како што беше претходно наведено, Личните податоци ќе се чуваат само онолку колку што е потребно за исполнување на наведената цел, а секако не подолго од 6 месеци од датумот на купување, по што трајно се бришат. Доколку сакате Вашите податоци трајно да се избришат пред истекот на овој период, Ве молиме доставете го вашето барање (со сите податоци што ги внесовте во формуларот за апликација) на адресата за е-пошта - registracija@xiaomimkd.mk

**Вашите права**
На барање на учесникот, Контролорот ќе ги дополни, менува, ажурира и брише Личните податоци доколку податоците се нецелосни, неточни или застарени и доколку нивната обработка не е во согласност со Законот, односно ако се исполни целта за собирањето на податоците. За повеќе информации, видете ја нашата Политика за приватност или контактирајте со нас со испраќање e-mail порака на e-mail адресата office.arbeit.mk@dekra.com.
Во случај учесниците да сметаат дека обработката на нивните Лични податоци ја нарушува нивната приватност, можат да се обратат до Контролорот за обработка на лични податоци или Агенцијата за заштита на лични податоци и да побараат објаснување.

**Останати информации**
За детални информации за мерките преземени за чување на личните податоци, како и за можното откривање на личните податоци, прочитајте ја нашата Политика за приватност.

**Приватност, заштита и употреба на политика за лични податоци**

Друштво за услуги ДЕКРА Вработување Дооел Скопје, со седиште на ул.Црвена Вода број 7/1, Скопје, со е-маил office.arbeit.mk@dekra.com и контакт телефонски број 02 32 30 952 е основана во Скопје од страна на компанијата DEKRA Arbeit GmbH и сме дел од меѓународната корпорација DEKRA SE со седиште во Штутгарт, Германија.

**Терминологија:**

Би сакале да ги објасниме термините, односно називите што ги користиме во оваа политика, со која се подразбира документот „Политика на приватност, заштита и употреба на лични податоци", детално и разбирливо.

Во понатамошниот текст, ќе Ви се обратиме како „Кандидат" или „Соработник" или „Вие".
Кога го користиме терминот „Нам" или „Друштво" или „ДЕКРА", тоа се однесува на горенаведеното правно лице во Македонија, како дел од групата ДЕКРА Арбеит.
ДЕКРА обезбедува различни услуги како што се: технички и консултански улуги и услуги во советување во работењето, како и широк спектар на услуги вклопени во горенаведеното („Наши услуги").
При вршење на нашите услуги, користиме различни решенија за ИТ и комуникација. Во некои случаи, ДЕКРА користи веб-страници или социјални мрежи, фиксна или мобилна телефонија, разни сопствени платформи и други софтверски решенија.

Имаме намера да Ви овозможиме да се регистрирате како корисник и да аплицирате за работни места што ги огласуваме, кои одговараат на Вашите интереси, способности и / или искуство во области за кои сте изразиле интерес за работа или соработка.
Во нашата работа и интеракција со Вас, наидуваме на различни податоци што можат да помогнат во Вашата идентификација, кои во оваа политика ги нарекуваме „Лични податоци".

**Офицер за заштита на лични податоци**

Ако имате какви било прашања во врска со оваа изјава, сакате дополнителни информации за тоа како да се заштитите или сакате да остварите некое од Вашите права за заштита на личнте податоци можете да го исконтактирате нашиот офицер за заштита на податоци во ДЕКРА - Елена Кузмановска, со е-пошта на kuzmanovska@tjlaw.com.mk.

ДЕКРА ги собира и обработува следните лични податоци на следниот начин:
• Ваша IP адреса кога ја посетувате нашата веб страница;
• Име и презиме, датум на раѓање, место на раѓање, информации за контакт, квалификации (образование, обука, референци), документи со кои се докажува вашиот идентитет, право на работа и сите други информации што сте ги навеле во вашето CV доколку аплицирате за работа;

• Во случај на регистрација како соработник за Тајно купување, ќе ги користиме Вашите следни лични податоци: Име и презиме, датум на раѓање, адреса, број на вашата сметка и банка, информации за контакт (телефонски број, мобилен телефон и е-пошта), информации за тековниот работодавец и претходниот работодавец и информации поврзани со услугите на производите што ги користите и поврзани со вршењето на тајното купување (на пр. марка на возило, итн.);
• Доколку се најавите со користење на Вашиот профил или сметка на социјалните мрежи, ние ги собираме податоците за Вашиот профил;
• Во случај да контактирате со нас, можеме да водиме евиденција за преписката, при што како лични податоци ги собираме: вашето име, e-mail адреса, лични податоци содржани во пораката;
• Можеме да собираме информации за Вашите посети на нашата веб-страница исклучиво во претходно обезбедена согласност од Ваша страна согласно Политиката за колачиња;
• Можеме да собираме нотификации за маркетинг цели и анализи, вклучително и известувања за Вашите одговори на е-пошта, смс, телефон и други маркетинг кампањи со Ваша претходна согласност;
• По Ваш избор, можете да ни испратите фотографии и / или видеа од Вашето присуство на тренинзи или слични настани;

**Правна основа и цел на прибирање и обработка на лични податоци и рокови за чување**

ДЕКРА собира и обработува лични податоци за следниве цели:
• Обезбедување на услуги што ги очекувате од нас. Барање работа / отстапување / соработка за која аплицирате, помош при обука, развој на кариера, консултантство, работа на проекти,помош при работењето и унапредување. ДЕКРА ги чува вашите лични податоци од моментот на интеракција. ДЕКРА ќе треба да ги задржи вашите лични податоци 1 година и подолго за да ги исполни важечките законски и договорни обврски, зависно од одредбите кои го регулираат Вашиот контакт со нас.
• Реализација на соработка поврзана со тајни купувачи и исполнување на законски обврски, како и исполнување на обврски од договорот: Вашето име и презиме, адреса и ЕМБГ, за контакт во рамките на договорните односи: Вашиот мобилен или телефонски број и е-пошта, со цел да се утврди потенцијален судир на интереси заснован на легитимен интерес. Сите горенаведени информации ги обработуваме врз основа на законските обврски, врз основа на исполнување на договорните обврски, врз основа на согласност или легитимен интерес во случај да Ве контактираме преку телефон за соработка и кога ги обработуваме Вашите податоци за вработување заради потенцијален конфликт на интереси. Овие податоци ги чуваме се додека имате активен кориснички профил кој можете по Ваш избор да го деактивирате/избришете.
• Со Ваша согласност, можеме да ги користиме Вашите контакти за цели за директен маркетинг, на пример преку е-пошта, пораки или телефон. Овие податоци ги обработуваме се до повлечување на согласноста што можете да го сторите во секое време преку одјава од мејлинг листата или испраќање на порака со која ја повлекувате Вашата согласност.
• Потенцијално со цел проучување на статистички и аналитички истражувања согласно роковите определени во Политиката за колачиња.
• Во исполнувањето на законските, правните и регулаторните обврски согласно законски определените рокови.
• Може да ги обработиме и Вашите лични податоци за да ја подобриме безбедноста и заштитата на луѓето, просториите, системите и опремата, да следиме усогласеност со внатрешните политики и процедури, да управуваме со комуникацијата и другите платформи користени од групата ДЕКРА Арбеит и да ги испитаме и одговориме на поплаките. Овие податоци ги чуваме во рокови кои се потребни за исполнување на целта (на пример решавање на одредена поплака).

**Дали сте обврзани да ни дадете лични информации**

Вие не сте должни да ни ги обезбедите Вашите лични податоци, но доколку ги немаме, невозможно е да се воспостави деловна соработка и не сме во можност да Ви обезбедиме услуги.

**Управување со согласност за обработка на лични податоци**

Можете да ја промените Вашата согласност (целосно или делумно одземање) со контактирање на ДЕКРА преку е-пошта на office.arbeit.mk@dekra.com или по пошта на: Црвена Вода 7/1, 1000 Скопје. Повлекувањето на согласноста не влијае на законитоста на обработката заснована врз согласност пред да се повлече.
Ако сакате повторно да дадете Ваша согласност, можете да го сторите тоа на ист начин како при повлекувањето.
Доколку не ни ги доставите личните податоци за кои не е потребна согласност, што е неопходно за склучување договор со нас, за исполнување на склучен договор или заради обврски што ги имаме согласно законот, нема да можеме да ги исполниме нашите договорни обврски кон Вас.

**Обработка на лични податоци без човечка интервенција**

Понекогаш ги обработуваме Вашите лични информации без човечка интервенција. ДЕКРА може да користи системи за обработка и автоматски да донесува одлуки (профилирање) со цел да им обезбеди услуга на деловните клиенти и вас.
.

**Корисници на лични податоци**

Ние ги пренесуваме Вашите лични информации на трети страни, односно корисници со цел да ги исполниме горенаведените цели. Ова го правиме во случаи или според:
• Добавувачи. На пример, ние може да вклучиме снабдувач да извршува административни или оперативни задачи за нас за да ги подобриме односите со Вас. Добавувачот ќе биде обврзан со договорни и правни обврски да ја заштити доверливоста на Вашите лични информации и ќе има пристап до Вашите лични информации само заради извршување на нивните функции.
• На нашите деловни клиенти / идни работодавци: ние ќе ги споделиме Вашите лични податоци со нашите деловни клиенти кои бараат консултанти за одредена услуга што може да Ве интересираат, или кои се заинтересирани за Вашиот профил. Тие се обврзани со договорни и други обврски за доверливост во однос на Вашите лични информации
• Ние ќе ги споделиме Вашите лични податоци доколку сме законски обврзани за истото.

**Пренос на лични податоци во и надвор од Европската унија**

Можеме да ги пренесеме и процесираме Вашите лични податоци во една или повеќе други земји, во рамките или надвор од Европската унија зависно од тоа со кои клиенти/потенцијални работодавачи би имале соработка, и во случај да ги пренесеме вашите податоци надвор од ЕУ, тоа ќе биде само во земји за кои Европската комисија одлучи да обезбеди соодветно ниво на заштита.

**Вашите права**

• Право на пристап и добивање копија од Вашите лични податоци што се обработуваат.
Вие имате право да побарате потврда дали и на кој начин ние обработуваме некој од Вашите лични податоци. Во случај да ги обработиме Вашите лични податоци, може да имате пристап до Вашите лични податоци и одредени информации за тоа како ги обработуваме. Во одредени случаи, може да побарате да Ви испратиме копија од Вашите податоци во електронска форма. Истото побарајте го на е-пошта: kuzmanovska@tjlaw.com.mk
• Право да ги коригирате Вашите лични податоци.
Ако докажете дека личните податоци што ги чуваме за Вас не се точни, можете да побарате корекција на неточни лични податоци на е-пошта: kuzmanovska@tjlaw.com.mk
• Право на бришење на Вашите лични податоци.
Во одредени околности, имате право да побарате да ја ограничиме обработката на Вашите лични податоци и / или бришење на лични податоци што се однесуваат на Вас. Може да поднесете барање за бришење лични податоци што се однесуваат на Вас во било кое време, а ДЕКРА ќе процени дали Вашето барање за бришење треба да биде одобрено. Правото на бришење е предмет на законски права и / или обврски што можеби ќе треба да ги почитуваме за да ги задржиме податоците. Можете да побарате бришење на лични податоци на е-пошта: kuzmanovska@tjlaw.com.mk

• Право на приговор.
Имате право да поднесете приговор во врска обработката на лични податоци која ја вршиме врз основа на Ваша согласност, вклучувајќи профилирање, податоците кои ги обработуваме врз основа на директен маркетинг, како и податоците кои ги обработуваме со цел автоматско донесување на одлуки, имате право да приговарате. За остварување на Вашите права, контактирајте не преку е-пошта на следната адреса: kuzmanovska@tjlaw.com.mk
• Право на можност за пренесување на податоци:
Можете да побарате од нас да Ви ги доставиме податоците што сте ни ги довериле во структурирана форма, во вообичаен формат што може да се чита од компјутер:
o ако ги обработуваме овие информации врз основа на согласноста што ни ја дадовте и која може да ја отповикате или да го исполните нашиот договор и
o ако обработката е направена со употреба на автоматски процеси.
• Право на ограничување на обработката:
Може да побарате ограничување во обработката на Вашите податоци:
o ако ја оспорите точноста на податоците за време на период што ни овозможува да ја потврдиме точноста на тие податоци
o ако обработката на податоците е нелегална, но вие одбивате да ја избришете и наместо тоа, ќе побарате ограничување за користењето на податоците
o ако веќе не ни се потребни податоците за наменетите цели, но сепак Ви требаат тие да ги исполнат законските услови или ако е поднесено приговор заради обработката на овие податоци и очекувате потврда
Ако не контактирате преку е-пошта заради остварување на Вашите права, ДЕКРА може да побара идентификација пред да покренете барање.
• Право на поднесување на барање со Агенцијата за заштита на лични податоци:
Доколку сметате дека обработката на Вашите лични податоци не е во согласност со законот, можете да поднесете соодветно барање до Агенцијата за заштита на лични податоци.

**Ниво на заштита на личните податоци во системот ДЕКРА**

Поради ризиците кои произлегуваат од користењето на интернетот, ДЕКРА ги штити Вашите лични податоци со најновите ИТ технологии и системите за физичка заштита. Сите вработени во ДЕКРА делуваат во согласност со внатрешните протоколи и процедури и оваа политика, се со цел да се обезбеди Вашата приватност и да се спречи нивната потенцијална злоупотреба.

**Заштита на лични податоци**

Личните податоци собрани преку веб-порталот на апликацијата ќе бидат обработени во согласност со регулативите за заштита на податоците, особено регулативата за заштита на личните податоци на ЕУ и германскиот акт за заштита на личните податоци (Bundesdatenschutzgesetz (BDSG)), како и Законот за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија.

**Конечни одредби**

Невалидни делови или индивидуална интерпретација на овие Услови за употреба нема да влијае на другите регулативи.